Врз основа на членовите 4, 7, 15, 16 и 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр. 52/2010,135/2011), Законот за спорт (Службен весник на РМ бр.29/02, 66/04,81/08,18/11,51/11,64/12,148/13,187/13,42/14) и врз основа на член 34-а од Законот за изменување и дополнување на законот за основно образование (Службен весник на РМ бр.135/2014) на основачкото Собрание одржано на ден 15.10.2014 година, се донесе следниот :

# С Т А Т У Т
## на Здружение за училишен спортски клуб на општинско основно училиште Крсте Мисирков – Куманово

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружение за училишен спортски клуб на општинско основно училиште Крсте Мисирков – Куманово е здружение од областа на спортот настанато по иницијатива на слободно здружени полнолетни граѓани, ученици, наставници и родители, љубители на спортот, кои ги прифаќаат одредбите на овој статут, заради остварување на организирано бавење со спорт и спортски активности како и соработка со други здруженија и организациии со иста или слична платформа, организирање на спортски натпревари и манифестации на сите нивоа во општината, Републиката и на меѓународен план.

**Член 2**

Во Здружение за училишен спортски клуб на општинско основно училиште Крсте Мисирков – Куманово членуваат ученици од училиштето, наставници во училиштето, родители на учениците и други љубители на спортот, кои делуваат на остварување на целите и задачите во областа на спортот и спортските активности, во согласност со уставот на Р. Македонија, Законот за основно образование, Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт на Република Македонија.

**Член 3**

Називот на спортското здружение е: Здружение за училишен спортски клуб на општинско основно училиште Крсте Мисирков – Куманово (во натамошниот текст со скратен назив: УСК Крсте Мисирков Куманово).

Скратениот назив на здружението е УСК Крсте Мисирков Куманово.

**Член 4**

Седиштето на УСК Крсте Мисирков Куманово е на ул.„Народна Револуција"бр.43, 1300 Куманово.

УСК Крсте Мисирков Куманово делува на подрачјето на општина Куманово.

УСК Крсте Мисирков Куманово е член на најблискиот општински сојуз за училишен спорт како и федерацијата на училишен спорт на Македонија.

**Член 5**

УСК Крсте Мисирков Куманово е правно лице.

УСК Крсте Мисирков Куманово има печат и штембил.

Печатот е во тркалезна форма по кој е испишан текстот:

Здружение за училишен спортски клуб на општинско основно училиште Крсте Мисирков – Куманово, а во средината е амблемот на УСК Крсте Мисирков Куманово.

Штембилот на УСК Крсте Мисирков Куманово има правоаголна форма кој го содржи истиот текст како и печатот, со место за број и датум.

**Член 6**

Застапник на УСК Крсте Мисирков Куманово е претседателот на собранието, односно клубот.

**Член 7**

УСК УСК Крсте Мисирков Куманово е независен во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со статутот во согласност со уставот и законот.

**Член 8**

УСК УСК Крсте Мисирков Куманово е непартиска организација и не може да врши активности на политичка партија, односно директно или индиректно да финансира одредена политичка партија и да влијае на избори, односно не смее да учествува во избори и изборна кампања на одредена политичка партија.

**Член 9**

Работата на УСК Крсте Мисирков Куманово е јавна,

Јавноста во работењето на УСК Крсте Мисирков Куманово се остварува преку транспарентно објавување на статутот и другите акти на клубот, како и годишните програми и извештаи за работа.

Претседателот на УСК Крсте Мисирков Куманово е одговорен за јавното презентирање на сите превземени активности на клубот.

## 2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 10**

Здружението, УСК Крсте Мисирков Куманово, од обласа на спортот е формирано за остварување на заеднички цели и задачи од јавен интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците во ООУ„Крсте Мисирков" – Куманово. Како посебни цели и задачи на УСК се утврдуваат :

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето,
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи,
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт ,
- Се грижи за здравствената заштита на спортистите-членови на клубот,
- Го стимулира развојот на секциите и спортски школи во рамките на клубот,
- Стручно усовршување на своето членство,
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.,
- Соработува со другите спортски организации, секции и клубови,
- Пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко.

## 3. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 11**

Членувањето во УСК Крсте Мисирков Куманово е на доброволна основа.

Основачите на клубот се членови на здружението - клубот, со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението.

Физичко лице може да биде член на здружението-клубот независно од неговата возраст во согласност со статутот. Малолетно лице, се зачленува во клубот со давање изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во клубот во согласност со законот.

**Член 12**

Права и должности на членовите на УСК Крсте Мисирков Куманово се :

- Рамноправно да учествуваат во работата на клубот,
- Да предлагаат решенија од заеднички интерес,
- Да ги усогласуваат своите ставови со другите претставници,
- Да избираат и да бидат избрани во органите на клубот
- Ги застапуваат интересите на спортистите и клубот,
- Да работат на развивање и унапредување на заедничките и други активности кои произлегуваат од статутот, програмата, други задачи и од донесени одлуки и заклучоци,
- да ги спроведуваат одредбите од овој статут,
- редовно да ја известуваат јавноста за работата на органите и телата на УСК.

**Член 13**

УСК УСК Крсте Мисирков Куманово води регистар на членовите и евиденција на членовите на органите на клубот.

Податоците од предходниот став на овој член, се ажурираат најмалку еднаш на две години.

Здружението-клубот ја гаранитира анонимноста на личните податоци на членовите на клубот кои тоа го побарале.

**Член 14**

Членовите на клубот остваруваат контрола на работењето, користењето и располагањето со средствата на клубот преку органите на управување, на начин утврден со овој статут.

## 4. УПРАВУВАЊЕ СО УСК

**Член 15**

Со здружението - УСК Крсте Мисирков Куманово управуваат членовите преку избраните претставници во органите на клубот.

Органи на УСК Крсте Мисирков Куманово се :

- **Собрание на УСК**
- **Управен одбор**
- **Надзорен одбор**

### а) <u>С о б р а н и е</u>

**Член 16**

Собранието е највисок орган на УСК.

Бројот на членови-делегати во Собранието изнесува 11 (единаесет) членови.

Мандатот на членовите-делегати на Собранието трае 4 (четири) години, со можност за повторен избор.

**Член 17**

Собранието работи на седници.

Собранието, по правило, одржува редовна седница најмалку еднаш годишно, а по потреба може да се определи и рок пократок од една година.

Вонредна седница на собранието може да се одржи по писмено барање од една третина од членовите на УСК.

Вонредната седница на собранието согласно предходниот став на овој член, се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување

**Член 18**

Седниците на собранието ги свикува Претседателот на Собранието.

Седниците на собранието се свикуваат и по предлог на управниот одбор на спортскиот клуб или на 1/3 од вкупниот број на членови на УСК.

Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува управниот одбор или иницијаторите.

Седница на Собранието за работата на управниот одбор може да свика и надзорниот одбор.

**Член 19**

Собранието на УСК полноважно одлучува ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број на членови.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.

Работата на собранието се уредува со деловник за работа.

**Член 20**

Надлежности на собранието на УСК се:

- Донесува статут на клубот и врши измени и дополнување на истиот;
- Донесува деловник за работа на собранието;
- Донесува програма за работа на клубот;
- Избира претседател и потпретседател на клубот со мандат од 4 години;
- Избира членови на управниот и надзорниот одбор со мандат од 4 години;
- Донесува одлуки за располагање со средствата на клубот и нивно отуѓување според услови утврдени со закон;
- Донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на клубот;
- Оснива фондови и одлучува за нивно укинување;
- Усвојува развојна програма за 4 години;
- Разгледува и усвојува извештаи на управниот одбор;
- Донесува одлуки за соработка на клубот со други организации и здруженија ;
- Расправа по други прашања од делокругот на неговото работење.

**б) Управен одбор**

**Член 21**

Управниот одбор на УСК Крсте Мисирков Куманово (Во натамошниот текст : “УО”) управува со активностите на клубот дефинирани со статутот, програмата за работа и други акти.

Сите членови на УО имаат еднакви права и обврски, одговорности за работењето и развојот на УСК Крсте Мисирков Куманово согласно членот 12 од статутот.

**Член 22**

Управниот одбор брои 5 (пет) членови, од кои претседателот и потпретседателот на собранието по автоматизам се членови на УО и се избираат уште 3 (три) члена од редот на собранието на клубот.

Мандатот на членовите на управниот одбор е 4 години со можност за повторен избор.

Претседателот на собранието, истовремено е и претседател на управниот одбор и тој го претставуваа и застапува клубот.

Потпретседателот на клубот го заменува претседателот во негово отсуство.

**Член 23**

УО на УСК Крсте Мисирков Куманово ги врши следните работи :

Донесува одлуки и заклучоци од делокругот на своето работење во согласност со статутот и другите акти на клубот.

- Ги подготвува измените и дополнувањата на статутот, правилниците и другите општи акти на клубот;
- Предлага начини и услови за користење на средствата на клубот;
- Донесува деловник за работа на управниот одбор;
- Донесува предлог-програма за работа на клубот;
- Избира секретар на клубот од своите редови со мандат од 4 години,
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии;
- Организира и учествува во разни форми на натпревари и манифестации;
- Донесува одлуки за доделување на награди и признанија;
- Донесува одлуки за набавка на реквизити и опрема,
- Одлучува по жалби и приговори;
- Спроведува одлуки донесени од страна на собранието;
- Води спортска политика за соработка со други здруженија и членување во разни здруженија и асоцијации;
- Врши и други работи за кои ќе го овласти собранието.

**Член 24**

Управниот одбор работи на седници а се свикува по потреба.

Седниците на УО ги свикува и со нив раководи претседателот на клубот.

Во случај на подолготрајно отсуство на претседателот на клубот, со УО раководи потпретседателот на клубот.

**Член 25**

УО за својата работа одговорен е пред собранието на клубот.

Предлог за свикување на седница на УО, може да поднесат и една третина од членовите на УО и надзорниот одбор.

Начинот на свикување на седница и работење на УО се уредува со деловник за работа на УО.

**Член 26**

Управниот одбор за пооперативна работа на клубот, може со посебна одлука да формира и други органи како постојани тела и комисии на УСК.

**в) Надзорен одбор**

**Член 27**

Надзорниот одбор на УСК Крсте Мисирков Куманово брои 3 (три) члена, кои се избираат од членовите на собранието на клубот.

Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

Со работата на надзорниот одбор раководи претседател избран од членовите на надзорниот одбор.

**Член 28**

Надзорниот одбор врши надзор и контрола на нормативно - правното и финансиско работење на клубот, на нормативната и финансиска документација на клубот, на програмите и други документи и акти на клубот.

За наодите од својот делокруг на работа, надзорниот одбор го информира собранието на клубот.

## 5. ФИНАНСИРАЊЕ НА УСК

**Член 29**

УСК УСК Крсте Мисирков Куманово е непрофитна спортска организација.

За остварување на целите и задачите за работа забележени во статутот, УСК Крсте Мисирков Куманово стекнува средства и приходи од :

- Доброволни прилози
- Подароци
- Донации
- Спонзорство
- Општинскиот сојуз на училишен спорт
- Федерацијата на училишен спорт на РМ
- Буџетот на локална самоуправа

**Член 30**

Користењето и располагањето со средствата на УСК Крсте Мисирков Куманово остварени по основ на предходниот член се врши на начин утврден со закон, статутот и правилникот за финансирање на УСК Крсте Мисирков Куманово.

**Член 31**

Надзорниот одбор на клубот, врши контрола на користењето и располагањето со средства, односно приходите и расходите на УСК Крсте Мисирков Куманово согласно постоечките законските прописи.

Наодите и одлуките, надзорниот одбор ги доставува до собранието и управниот одбор на УСК Крсте Мисирков Куманово.

**Член 32**

УСК Крсте Мисирков Куманово донесува годишен финансиски план со кој се утврдуваат :

***1. приходи од :***

- доброволни прилози
- подароци
- буџет на општината
- спонзори и донатори
- други извори

***2. расходи за :***

- активности на екипите и секциите на клубот,
- наменски фондови за набавка на спортска опрема и реквизити,
- материјални трошоци за работа на клубот,
- финасисарање на стручно лице за работа со екипи и селекции,
- патни трошоци за натпревари,
- грижа за здравјето на спортистите,
- промовирање и маркетинг.

## 6. ЗАСТАПНИК

**Член 33**

Застапник и потписник на сметката на УСК Крсте Мисирков Куманово, за располагање со средствата на УСК Крсте Мисирков Куманово е претседателот на собранието на УСК избран на седница на собранието, со мандат од четири години и можност за повторен избор.

## 7.ПРЕСТАНОК И ЗАБРАНА НА РАБОТА НА УСК

**Член 34**

УСК Крсте Мисирков Куманово престанува да постои како спортска организација, ако е :

- донесена одлука за престанок на клубот со 2/3 мнозинство на членовите на клубот;
- поминато двојно повеќе време предвидено за одржување на седница на највисокиот орган на клубот, а таа не е одржана;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка на клубот во согласност со законот;
- статусна измена која предвидува пресганок на постоењето;
- донесена одлука од надлежен суд;
- бројот на членови на клубот се намали под бројот определен за основање

**Член 35**

Се забранува работата на УСК Крсте Мисирков Куманово, ако:

- неговото дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија;
- поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;
- активности поврзани со тероризам;
- презема активности кои се спротивни на Уставот или Закон;
- се повредуваат слободите и правата на други лица и организации.

**Член 36**

Во случај на престанок на работа на УСК Крсте Мисирков Куманово, како и кога со одлука на надлежен суд се забранува работата на УСК Крсте Мисирков Куманово, имотот на УСК Крсте Мисирков Куманово се пренесува на училиштето и општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на Клубот.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 37**

Право на толкување на овој статут има собранието на клубот, помеѓу две седници на собранието и управниот одбор на клубот.

**Член 38**

Измени и дополнувања на овој статут се вршат на начин и по постапка како и за негово донесување.

**Член 39**

Стапување во сила на одредбите на овој статут е од денот на одржувањето на седницата на собранието на клубот и усвојувањето на статутот.

15.10.2014, Куманово

Здружение за училишен спортски клуб
на општинско основно училиште
Крсте Мисирков – Куманово,

Претседател,

______________